СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# Учество на младите мажи и жени во процесите на креирање политики на локално ниво

# ВКЛУЧЕТЕ НЕ СЕГА!

**Анализа на мапирање за учеството на младите и родовата еднаквост во процесите на креирање политики во локалните самоуправи и НВОи**

Агенција за млади и спорт

United Nations Development Fund for Women
UNIFEM

Октомври 2009

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| Коалиција СЕГА | - Коалиција на младински организации СЕГА |
| АМС | - Агенција за млади и спорт |
| НВОи | - Невладини организации / Здруженија на граѓани |
| ЕЛС | - Единица на локална самоуправа |
| УНИФЕМ | - Развоен фонд за жени на Обединетите нации |
| НСМ | - Национална Стратегија за Млади |
| НАП | - Национален Акционен План за имплементација на Националната Стратегија за Млади |

**СОДРЖИНА**

**ВКЛУЧЕТЕ НЕ СЕГА**! ..... 1
Листа на кратенки ..... 2
Вовед..... 4
**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ** ..... 6
Локална Самоуправа..... 6
Совет на Општина ..... 7
Невладини организации..... 9
Охрид ..... 9
Прилеп ..... 10
Тетово ..... 12
Скопје ..... 14
**КВАЛИТАТИВНИ ПОДАТОЦИ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА**..... 16
Локална Самоуправа..... 16
Совет на Општина ..... 18
Невладини организации..... 19
Охрид ..... 19
Прилеп ..... 20
Тетово ..... 21
Скопје ..... 22
**ПРАКТИКИ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО** ..... 23
Локална Самоуправа..... 23
Совет на општина..... 24
Невладини организации..... 25
Охрид ..... 25
Прилеп ..... 26
Тетово ..... 27
Скопје..... 28
**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**..... 30
Заклучоци - Локална Самоуправа ..... 30
Препораки – Локална Самоуправа..... 31
Заклучоци - Совет на Општина ..... 32
Препораки – Совет на Општина ..... 33
Заклучоци - Невладини организации ..... 34
Препораки – Невладини организации..... 35

# Вовед

Оваа анализа е дел од активностите во состав на проектот „**Учество на младите во процесите на креирање политики на локално ниво – ВКЛУЧЕТЕ НЕ СЕГА″** спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА, а финансиски поддржан од канцеларијата на УНИФЕМ и Агенцијата за Млади и Спорт на Република Македонија. Според проектните активности беше предвиден процес на мапирање во 4 градови: Прилеп, Тетово, Охрид и Скопје (Општина Центар). Процесот на мапирање беше спроведен во периодот Јули – Август 2009 година од страна на локалните координатори за овој проект. Предмет на истражувањето беа Единиците на Локалните Самоуправи, Советите на општините како и Невладините организации кои работат на полето на младински прашања и родова еднаквост. Прашалниците за истражувањето содржеа прашања од затворен и отворен тип, развиени од проектниот тим во координација со канцеларијата на УНИФЕМ во Македонија. Прашалникот беше тематски составен од три дела:

- Статистички податоци во однос на родов баланс и вклученост на млади,
- Квалитативни податоци за младинското учество и родовата перспектива и
- Практики за младинско учество.

Прашалниците беа анализирани според тематските делови при што податоците беа сумирани од сите градови во однос на поединечната тема на прашалникот. Анализата на ова мапирање планирано е да биде користено за внатрешни потреби на Коалиција СЕГА.

Целта на истражувањето беше да се утврди нивото на учество на младите во процесите на донесување на одлуки и креирање политики во локалните институции и организации. Исто така оваа анализа покажува колку институциите и организациите се спремни за вклучување на младите во одлучувачките процеси и во активностите кои ги спроведуваат. Анализата дава осврт на родовата компонента од квантитативен аспект, прикажувајќи ја во најголем дел процентуалната застапеноста на младите жени во сите процеси на одлучување како и активностите кои се спроведуваат со цел нивна афирмација во политичкиот и социјалниот живот, додека таа е ограничена во делот на квалитативна анализа кој што иако е исто така мошне значаен ова истражување не можеше детално да го покрие.

Оваа анализа дава препораки за подигнување на свеста за потребата од родова еднаквост како и учеството на младите во секојдневниот живот, посебно во работата на локалните институции како и невладините организации кои работат на полето на млади и родова еднаквост.

| | Број на НВОи | Процент |
|---|---|---|
| Прилеп | 5 | 22,72 |
| Охрид | 5 | 22,72 |
| Тетово | 7 | 31,84 |
| Скопје | 5 | 22,72 |
| **Вкупно:** | **22** | **100,0** |

Со истражувањето беа опфатени Локалните Самоуправи и Советите на општините во Прилеп, Тетово и Охрид. Претставниците на ЕЛС и Советот од Општина Центар (Скопје) не учествуваа во мапирањето. Беа опфатени и 22 локални НВОи[1] кои работат на полето млади и родова еднаквост.

[1] **Прилеп**: Центар за Граѓански Иницијативи, Младински Совет Прилеп, Рома СОС, МЕКС, Помош за хендикепирани и сиромашни; **Охрид**: Младински Совет Охрид, Порака Охрид, Опција, Женски Центар Бисера, Здружение на Еѓипќани; **Скопје**: Младински Образовен Форум, YMCA Македонија, Млади за млади, Ромаверзитас, ЕМСА, **Тетово:** Институт за развој на заедницата, Центар за развој и унапредување на јавниот живот, Центар за демократски развој и интеграција, Форум на албанска жена, Лоја, Триаголник, Сонце.

## СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

## **Локална Самоуправа**

Според првиот дел од прашалниците се испитуваше квантитативно составот на ЕЛС од аспект на родова застапеност како и процентот на застапеност на луѓе помлади од 30 години компаративно во сите три градови. Во однос на составот на ЕЛС од родов аспект може да се забележи дека не се внимава соодветно на еднаквата застапеност на мажите и жените во работата на ЕЛС.




**Колкав е бројот на вработени мажи и жени во Локалната Самоуправа?**

Споредувајќи ја родовата еднаквост во структурите на Локалната Самоуправа, во Охрид, процентот на жени е 43%, во Прилеп е 30% а во Тетово е 23%. Од оваа анализа може да се забележи дека постои потреба за вклучување на родовата перспектива во работењето на ЕЛС, посебно во градовите Прилеп и Тетово. Во однос на вклученоста на младите луѓе во ЕЛС утврден е низок процент во Охрид - 7%, а Прилеп 2%. За Тетово може да се каже дека процентот на млади луѓе во општината е на задоволително ниво 20%. Сепак, во однос на постоењето на сектори/одделенија кои се занимаваат со млади, само во Охрид постои функција **соработник за младински прашања**. Младите луѓе кои функционираат во состав на ЕЛС во Охрид и Прилеп генерално се од македонска национална припадност за разлика од администрацијата во Тетово во која 65% од младите луѓе се од албанска етничка припадност а додека 35% се од Македонци. По однос на прашањето за поставеноста на млади луѓе на раководни позиции во структурата на ЕЛС, испитаниците од сите градови одговорија дека на ниедна раководна позиција не се поставени млади луѓе до 30 години. Оваа состојба се должи на процедурите и законските регулативи кои го оневозможуваат напредокот на вработените во локалната администрација кој мора да биде во согласност со годините работен стаж стекнати како вработени.

## Совет на Општина

Според информациите добиени за структурата на Советите на општините во Тетово, Прилеп и Охрид може да се забележи дека родовата перспектива како и во Локалните Самоуправи не е соодветно застапена. Според бројот на членови на Советот во општината, во Прилеп (27 членови на Совет) 30% од членовите се жени, во Охрид (23 членови на Совет) 26% се жени а додека во Тетово жените се (31 член на Совет) 29%. Според овие податоци може да се забележи дека не се води доволно сметка за родовата перспектива при избирањето на советници, првенствено на политичките партии кои ги предложуваат листите за советници. Според бројот на млади членови на советот до 30 години во Тетово процентот на млади е 35% а додека во Прилеп е 15% а Охрид е 13%.

**Колкав е бројот на мажи и жени во Советот на Општината?**




| | Вкупно членови на Совет | Мажи до 30 години | Жени до 30 години |
|---|---|---|---|
| Прилеп | 27 | 3 | 1 |
| Охрид | 23 | 2 | 1 |
| Тетово | 31 | 7 | 4 |

Младите членови во Советите во Прилеп и Охрид во најголема број доаѓаат од редовите на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ и НСДП, а додека во Тетово најголемиот дел на млади луѓе се од двете водечки партии во таа општина - ДУИ и ДПА. Во Прилеп и Охрид сите млади членови на Советот се од македонска национална припадност додека во Тетово 82% од младите советници се од албанска етничка припадност а останатиот дел се Македонци. Според формираните Комисии во состав на Советите бројот на млади луѓе кои се претседатели на тие Комисии може да се заклучи дека во Прилеп и Охрид постои основна поставеност на млади претседатели на Комисиите додека во Тетово нема ниту еден претседател на Комисија на возраст до 30 години.

| | Вкупно млади членови на Совет | Претседател на комисија - Мажи до 30 години | Претседател на комисија - Жени до 30 години |
|---|---|---|---|
| Прилеп (8 Комисии) | 4 | 1 | 1 |
| Охрид (11 Комисии) | 3 | 0 | 1 |
| Тетово (10 Комисии) | 11 | 0 | 0 |

Комисиите за еднакви можности помеѓу жените и мажите веќе се формирани во сите Совети на општините според кои во Прилеп (2 мажи, 8 жени) и Охрид (1 маж, 3 жени), од тука може да се забележи дека преовладува бројот на жени во овие комисии што во основа покажува дека кога станува збор за овие комисии перцепцијата додека тоа се комисии кои треба да се занимаваат со женски прашања наспроти родовата еднаквост. Ситуацијата во Тетово е сосема поинаква, таму од вкупниот број на членови е родово балансиран, 3 мажи и 3 жени. Во Прилеп и Охрид учествуваат млади советници во состав на оваа Комисија, додека во Тетово нема ниеден млад член од Советот. Комисија за млади не е формирана во составот на ниеден Совет во испитаните градови.

**Кој е соодносот помеѓу мажите и жените во оваа Комисија?**




| | Вкупно млади членови на Совет | Претседател на комисија - Мажи до 30 години | Претседател на комисија - Жени до 30 години |
|---|---|---|---|
| Прилеп (8 Комисии) | 4 | 1 | 1 |
| Охрид (11 Комисии) | 3 | 0 | 1 |
| Тетово (10 Комисии) | 11 | 0 | 0 |

| | Кој е соодносот во бројки помеѓу младите мажи и жени во оваа Комисија? | | |
|---|---|---|---|
| | Охрид | Прилеп | Тетово |
| Млади мажи до 30 години | 0 | 0 | 0 |
| Млади жени до 30 години | 1 | 1 | 0 |

## Невладини организации

### Охрид

Според потребите на проектот беа мапирани 5 организации кои работат на полето на млади и организации кои работат на родови прашања. Од добиените одговори во Охрид може да се забележи дека сите организации имаат основна родова застапеност. Од 5-те мапирани организации 80% имаат вклучено млади луѓе во персоналот. Процентот на млади луѓе во целокупниот персонал изнесува 36% од кои 67% се жени. Етничката застапеност на младите луѓе во овие организации е претежно од македонска етничка припадност освен едно здружение е составено од лица со египетска етничка припадност. Во управните структури на овие организации (Собрание, Извршен Одбор, Управен Одбор) има млади луѓе само во 60% од организациите испитани од кои 62% се мажи а 38% се жени.

**Кој е соодносот помеѓу вработените/ангажираните мажи и жени во вашата НВО?**




**Процентуална застапеност на мажите и жените во НВОи (Охрид)**






**Колкав е бројот на млади до 30 години кои се на раководни позиции во структурите и програмите на вашата НВО (Собрание, Извршен одбор, Управен одбор, програми и сектори)?**

| Охрид | Мажи до 30 години | Жени до 30 години |
|---|---|---|
| НВО 1 | 2 | 1 |
| НВО 2 | 0 | 0 |
| НВО 3 | 1 | 1 |
| НВО 4 | 5 | 3 |
| НВО 5 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **8** | **5** |

## Прилеп

Во Прилеп беа мапирани 5 организации кои главно работат на полето на млади а опфаќаат и активности кои промовираат родова еднаквост. Според нивните вработени / ангажирани лица во нивната работа може да се заклучи дека поголем е бројот на жени во нивниот персонал во споредба со мажите. Процентуално, жените се застапени со 59%.

**Кој е соодносот помеѓу вработените/ангажираните мажи и жени во вашата НВО? (Прилеп)**






Може да се каже дека голем е бројот на млади луѓе кои се вклучени во работата на овие младински организации и организации кои работат на родови прашања. Во однос на родовиот аспект, процентот на млади жени е пропорционален со целокупната застапеност на жените во овие организации. Учеството на младите во овие организации изнесува 75% од кои 56% се жени. Во однос на етничката застапеност преовладува македонската етничка припадност а се забележува голема вклученост на роми во работата на локалните НВОи.




Од направеното истражување во прилепските НВОи може да се каже и дека вклученоста на младите во управните структури е на високо ниво имајќи во предвид дека само една организација нема млади до 30 години во управните структури. Кога станува збор за управните структури може да се забележи повисок процент на млади жени во однос на мажите, во овие структури жените се застапени со 60%.

**Колкав е бројот на млади до 30 години кои се на раководни позиции во структурите и програмите на вашата НВО (Собрание, Извршен одбор, Управен одбор, програми и сектори)?**

| Прилеп | Мажи до 30 години | Жени до 30 години |
|---|---|---|
| НВО 1 | 4 | 11 |
| НВО 2 | 10 | 15 |
| НВО 3 | 0 | 0 |
| НВО 4 | 2 | 2 |
| НВО 5 | 4 | 2 |
| **Вкупно** | **20** | **30** |

## Тетово

Во Тетово беа мапирани 7 организации кои работат на полето на млади и родова еднаквост.  Од добиените податоци може да се заклучи дека постои еднаква родова застапеност во организациите во Тетово, освен во оние организации кои работат на само родови прашања и каде персоналот е составен исклучиво од жени. Албанците и Македонците се најзастапени според етничката припадност, но исто така се вклучуваат и млади луѓе од ромска и турска етничка припадност. Процентуално жените во мапираните организации се застапени со 62%. Младите луѓе до 30 години исто така се соодветно вклучени во пресоналот на организациите со 71%. Во оваа категорија на млади до 30 години жените партиципираат со 72%. Тоа не е случај кога се зборува за учество на младите во управните структури каде нивната застапеност е многу мала. Застапеноста на младите жени во управните структури е 86% во споредба со учеството на мажите.

**Кој е соодносот помеѓу вработените/ангажираните мажи и жени во вашата НВО? (Тетово)**









**Колкав е бројот на млади до 30 години кои се на раководни позиции во структурите и програмите на вашата НВО?**

| Тетово | Мажи до 30 години | Жени до 30 години |
|---|---|---|
| НВО 1 | 0 | 1 |
| НВО 2 | 0 | 0 |
| НВО 3 | 0 | 0 |
| НВО 4 | 0 | 1 |
| НВО 5 | 1 | 1 |
| НВО 6 | 0 | 0 |
| НВО 7 | 0 | 3 |
| **Вкупно** | **1** | **6** |

## Скопје

Во Скопје - Општина Центар беа мапирани 5 организации кои работат на полето на млади и родова еднаквост. И во оваа општина, како што беше случај и во претходните општини каде се спроведе истражувањето, повторно се јавува ситуација каде жените се побројни во споредба со мажите во однос на вработеноста/ангажираноста во невладините организации. Процентуално жените се присутни со 62%. Во однос на етничката застапеност најголем дел се Македонци но исто така се вклучуваат и Албанци, Власи, Турци и Роми.

**Кој е соодносот помеѓу вработените/ангажираните мажи и жени во вашата НВО? (Скопје-Центар)**







Во однос на вклученоста на млади луѓе во персоналот на овие организации може да се каже дека истиот е составен само од млади луѓе, 63% од младите луѓе се жени. Кога ја следевме состојбата со учеството на младите луѓе во управните структури во овие организации може да се забележи висок процент. Исто така и овде може да се забележи и повисока стапка на учество на жените (59%) во споредба со мажите (41%).




**Колкав е бројот на млади до 30 години кои се на раководни позиции во структурите и програмите на вашата НВО?**

| Скопје | Мажи до 30 години | Жени до 30 години |
|---|---|---|
| НВО 1 | 30 | 45 |
| НВО 2 | 10 | 6 |
| НВО 3 | 22 | 46 |
| НВО 4 | 1 | 1 |
| НВО 5 | 10 | 5 |
| **Вкупно** | **73** | **103** |

# КВАЛИТАТИВНИ ПОДАТОЦИ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА

## Локална Самоуправа

Претставниците на ЕЛС од сите градови наведоа дека се запознаени со **Европската Повелба за младинско учество во локалниот и регионалниот живот** и **Националната Стратегија за Млади** (НСМ) како и **Националниот Акционен План** (НАП) за спроведување на истата. Исто така ЕЛС се изјаснија дека се запознаени и со **Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите**. Во ЕЛС постојат иницијативи за родова еднаквост посочувајќи ги Комисиите за родова еднаквост при Советите на општината во сите три градови. Проектите / активностите кои се организираат во состав на овие иницијативи кои произлегуваат од Комисиите главно се спроведуваат од страна на млади луѓе до 30 години. Според испитаниците, ЕЛС немаат намера да ги зголемуваат активностите за родова еднаквост тврдејќи дека се на завидно ниво (Прилеп) или немале конкретен одговор како планираат да ги зголемат (Тетово и Охрид).

На прашањето дали имаат форми на учество на млади претставникот од ЕЛС Прилеп одговори дека тоа го прават преку НВОи, од Тетово преку разни сектори (Сектор за јавни дејности, сектор за образование, одделение за спорт и култура) а додека претставникот од Охрид објасни дека младите ги вклучуваат во спортски и еколошки активности. Според одговорите може да се заклучи дека не постојат форми на учество на младите во ЕЛС наведени во Европската Повелба за младинско учество во локалниот и регионалниот живот. Претставниците на ЕЛС потврдија дека ги вклучуваат младите во спроведувањето на нивните проекти преку соработка со НВОи, одржување на јавни дебати за прашања кои ги засегаат младите, спроведување анкети и други активности.

Во однос на прашањето дали ги консултирале младите во донесување на одредена одлука, претставниците од Охрид и Прилеп потврдија дека ги консултирале преку анкета (Охрид) или спрема нивната подготвеност и посветеност да учествуваат во дадени проекти, а додека во Тетово ЕЛС не ги консултира младите, потенцирајќи дека постојат одговорни за донесување на одлуки.

Сите испитаници сметаат дека учеството на младите е битно за заедницата. Според претставникот од Тетово лобирањето и застапувањето на младите луѓе се спроведува преку Советот на општината. Во годишната програма за работа на ЕЛС во Прилеп и Охрид постојат посебни активности за вклучување на младите луѓе во нивните проекти, додека во Тетово немаат посебни активности, но новата општинска структура планира такви активности во наредната годишна програма (2010 год.). Во однос на родовиот аспект, сите испитаници потврдија дека имаат посебни активности за поттикнување на учество на младите девојки во нивните проекти, а само претставникот од Тетово наведе дека тоа го прават преку поддржување на активности и иницијативи на НВОи кои работат на овие теми.

ЕЛС во градовите Прилеп и Охрид одвојува посебни средства за активности со млади во своите буџети од кои ЕЛС од Прилеп има конкретна сума (650.000,00 МКД) додека претставникот од Тетово немаше одговор на ова прашање. Сите ЕЛС имаат предвидено средства од годишниот буџет за здруженијата на граѓани од кои ЕЛС Прилеп одвојува 3.850.000,00 МКД, ЕЛС Охрид одвојува 2.000.000,00 МКД а додека ЕЛС Тетово одвојува 2.460.000,00 – 3.075.000,00 МКД (40000-50000 ЕУР). Од овие средства во Охрид и Тетово се одвојуваат средства за младинските организации додека ЕЛС Прилеп не одвојува средства за младинските организации.

Сите ЕЛС соработуваат со младинските организации и организациите кои работат на родова еднаквост доколку тие организации пројават потреба за тоа. Во однос на соработката со Агенцијата за млади и спорт, ЕЛС Прилеп и ЕЛС Охрид соработуваат со АМС но воглавно при сектор спорт каде се наведува подобрување на спортската инфраструктура.

## Совет на Општина

Според познавањето на документите кои ги дефинираат младите, сите испитаници членови на Советот на општината потврдија дека знаат за постоењето на документите: Европската Повелба за младинско учество во локалниот и регионалниот живот и НСМ како и НАП за спроведување на истата. Единствено претставникот на Советот од Охрид изјави дека не слушнал за Европската Повелба за младинско учество во локалниот и регионалниот живот. Исто така сите изјавија дека постои Закон за еднакви можности помеѓу жените и мажите.

Не постојат локални иницијативи за родова еднаквост при Советот од Охрид додека испитаниците од Прилеп и Тетово одговорија дека има иницијативи и дека се внимава на родовиот баланс во Комисиите при Советот. Овие иницијативи вклучувале млади луѓе според Совет на општина Прилеп а според претставникот од Тетово, ова прашање би требало да го знае мнозинството од Советот на општината.

Форми за учество на младите не постојат при Советот на општина Прилеп, додека во Охрид постојат форми на учество меѓутоа не е наведено какви се тие форми. Советникот од Тетово изјави дека и кај нив постојат форми кои најчесто се базирани на вклучување на младите преку НВОи.

При донесувањето на одлуки кои ги засегаат младите, Советите во Охрид и Тетово не ги консултираат младите, додека Советот на општина Прилеп ги консултира младите за одредени прашања. Сепак, сите тие сметаат дека учеството на младите при донесување на одлуки е битно за заедницата. Овие Совети ги земаат во предвид специфичните потреби на младите жени и мажи при креирањето на буџетот, а во Тетово се планира интегрирање на родова компонента при креирањето на годишниот буџет. Според претставниците на Советот постојат практики на соработка со НВОи - младински и организации кои работат на родови прашања.

## Невладини организации

### Охрид

Во Охрид 4 од 5-те мапирани организации (80%) се информирани за постоењето на **Европската Повелба за младинско учество во локалниот и регионалниот живот, НСМ, НАП за имплементација на истата и Закон за еднакви можности на жените и мажите**, додека една организација знае само за постоењето на НСМ а за другите документи не е информирана. 60% од организациите спроведуваат иницијативи за родова еднаквост преку едукативни работилници и семинари, како и учество во проекти и внимавањето на балансот при селекција на членови на управните структури, меѓутоа само две од нив имале конкретни активности за млади луѓе. Во 60% од мапираните организации се води сметка за родовата еднаквост при функционирањето на својата организација. На прашањето „Како планирате да ги зголемите активностите кои ја охрабруваат родовата еднаквост во работата на вашата НВО„ само една организација одговори преку повеќе проекти, кампањи и активности со кои ќе се популаризира родовата еднаквост, додека другите организации немаа одговор.

Во однос на вклученоста на младите во спроведување на проекти, две организации воопшто не ги вклучуваат младите при спроведување на проекти, додека 3 организации изјавија дека генерално ги вклучуваат младите во директното спроведување на проектите. Две од овие организации ги вклучуваат младите и во подготовката на проектите додека само една од нив ги вклучува во евалуацијата на проектите.

60% од организациите ги вклучуваат младите при донесувањето на одлуки според квалитетите и знаењата на младите, додека една организација наведе дека во Управниот одбор има еден член под 18 години и двајца членови под 30. Меѓутоа сите сметаат дека учеството на младите во процесите на донесување одлуки е битно за заедницата. Три од организациите изјавија дека имаат посебни активности за поттикнување на учество на младите девојки во нивните проекти од кои една организација наведе дека вклучуваат млади девојки преку активности поврзани со семејно насилство и СОС минута додека другите организации не наведоа кои активности ги спроведиле.

Сите организации кои беа мапирани соработуваат со ЕЛС при младински програми, ги вклучуваат претставниците од ЕЛС во активностите, одржуваат консултации, добиваат работен простор, финансиска поддршка, соработка во полето на образование и култура, подобрување на правата на етничките заедници и нивно интегрирање на заедницата.
Меѓутоа само една организација спровела проекти или активности со поддршка на ЕЛС (Подготовка на локални младински акциони планови; активности за едукација за Трговија со луѓе како и при младински програми), а исто така добила и финансиска поддршка во висина од 30.000,00 МКД.

Од одговорите се забележува дека сите соработуваат со младински организации но само две од нив соработуваат и со организации кои работат на родови прашања. Исто така само една организација соработувала со АМС во состав на годишните програми за грантови кои ги објавуваат.

## Прилеп

Документот Европската Повелба за младинско учество во локалниот и регионалниот живот е познат во сите организации во Прилеп освен во една, а додека НСМ, НАП за имплементација на истата и Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите им се познати на сите испитаници.
Три од организациите иницирале или спровеле иницијативи за родова еднаквост. Една организација објаснила дека постои соработка со Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените при Совет на Општина Прилеп: била спроведена локална акција за промовирање на жените Ромки на пазарот на трудот; другата организација наведе дека работела со Комисиите за еднакви можности во Прилеп, Кривогаштани, Чаир, Бутел, Крушево, Газибаба на јакнење на нивните капацитети. Само две организации вклучувале конкретни активности за млади луѓе додека другите немале такви активности. Сите организации се изјаснија дека внимаваат на родовиот баланс во функционирањето на својата организација.
60% од организациите наведоа дека сакаат да ги подобрат активностите кои ја охрабруваат родовата еднаквост во својата организација преку едукација, тренинг на администрацијата и вклучување на волонтери внимавајќи на родовата еднаквост, промовирање на правата на жените и нивно активно вклучување во иницијативите на организацијата. Една организација наведе дека веќе се става акцент на родовата еднаквост во организацијата а додека една организација немаше одговор на ова прашање.

Во однос на вклученоста на младите во спроведување на проекти сите организации наведоа дека ги вклучуваат младите во директната имплементација на проектите, три од нив наведоа дека ги вклучуваат и во подготовката на проектот додека само една организација ги вклучува во евалуација на проектите. Сите организации потврдија дека ги консултираат младите во донесување на одредена одлука (спрема нивото на познавањето на проблемот или областа за која треба да се припреми проектот; според нивната заинтересираност и посветеност каде дополнително образовниот статус претставува критериум за нивно активирање; преку редовни состаноци со младите на кои се дискутираат актуелните потреби).

Исто така сите организации потврдија дека учеството на младите во одлучувањето на локално ниво е битно за заедницата. 80% од организациите имаат посебни активности за поттикнување на учество на младите девојки во своите проекти (искажување на талентот во креативни работилници, учество во работилници за здравствено образование, кампањи, дебати; посебно внимание им се посветува на девојките од рурални средини при спроведување на активности, вклучувајќи ги во активностите кои се поврзани со превенција од трговија со луѓе; танцов клуб во состав на организацијата) додека само една организација нема такви активности. 80% соработуваат со ЕЛС полето на образование и здравство, поддршка при реализација на проекти од страна на организациите (обуки каде ЕЛС е целна група). 3 од

организациите добиле поддршка од ЕЛС при спроведување на проекти а од нив само две добиле финансиски средства за имплементација на проекти.

Четири од организациите (80%) соработуваат со младински организации меѓутоа сите организации соработуваат со организации кои работат на родови прашања. Со АМС соработува само една организација во состав на годишните програми за доделување на грантови.

## Тетово

Во Тетово сите организации одговорија дека знаат за постоењето на документите Европската Повелба за младинско учество во локалниот и регионалниот живот, НСМ, НАП и Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите. Од мапираните организации 43% одговорија дека иницирале или спровеле активности за родова еднаквост воглавно преку проект кој ја поддржува родовата еднаквост вклучувајќи ја и Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените; Сензитивно родово буџетирање на локално ниво во ЕЛС Тетово; организирање на работилници/кампови каде се води сметка за родова еднаквост.

Во однос на родовиот баланс во сопствената организација, 86% (6 организации) изјавија дека внимаваат на родовиот аспект во функционирањето на својата организација. Три од мапираните организации планираат да ги зголемат активностите кои ја охрабруваат родовата еднаквост преку вклучување на мажи во работата на канцеларијата; ресурсно помагање при аплицирање и имплементација на проекти (менторство), организирање на дополнителни тренинзи за самите вработени за подигнување на свеста за важноста за родовата еднаквост. Сите организации ги вклучуваат младите во подготовката и спроведувањето на проектите а само три од нив ги вклучуваат во евалуација на тие проекти. При донесувањето на одлуки организациите ги вклучуваат младите на повеќе начини: врз основа на нивното искуство за прашања поврзани за проблематиката за која се одлучува; претходно стекнато искуство знаење и вештини. Сите организации освен една одговорија дека учеството на младите во одлучувањето на локално ниво е битно за заедницата. Само две организации имаат посебни активности за поттикнување на учество на младите девојки во своите проекти. Од тие организации една е женска организација додека другата организација ги вклучува младите девојки во работилници за изработка на накит со цел да се иницираат работни навики и да се вклучат во неформални активности (посебно девојки од ромската заедница).

Сите организации освен две соработуваат со ЕЛС (во работата на комисиите за односи меѓу заедниците и при имплементација на младински програми; образование, инфраструктура, едукации и обуки за училишен персонал; изготвен локален акционен план за борба против дрога; екологија; застапување и лобирање за ромските прашања, креирање политики на локално ниво; користење на простор за работата на канцеларијата).

Четири организации спровеле проект/соработка со поддршка на ЕЛС од кои само три добиле финансиска помош (добиена е помала сума од побараната). Сите организации освен една соработуваат со младинските организации додека само три соработуваат со организации кои работат на родови прашања. Само една организација соработувала со АМС во полето на младинска работа и едукација.

## Скопје

Во Скопје беа мапирани 5 организации од кои само една не е запознаена со Европската Повелба за младинско учество во локалниот и регионалниот живот, а додека сите се запознаени со НСМ и НАП. Исто така само една организација не е запознаена со Законот за еднакви можности на жените и мажите.

60% (три организации) спроведуваат иницијативи за родова еднаквост внимавајќи на родовиот баланс во сите активности во кои вклучуваат и млади. Исто така, во овие три организации се внимава на родовата еднаквост во своето работење за разлика од другите организации. Само две организации планираат да ги зголемат активностите кои ја охрабруваат родовата еднаквост во својата организација преку промовирање на женското лидерство, додека останатите организации сметаат дека е застапена доволно или нема потреба од инсистирање на полово дефинирање.

Организациите ги вклучуваат младите во спроведувањето на проектите при подготовка на предлог проектите, спроведување на самиот проект и евалуација на проектите. Исто така сите организации ги консултираат младите во донесување на некоја одлука според различни критериуми: целите и целната група на проектите; според нивната посветеност, професионализам, искуство, квалитет и учество во организацијата; темите за работилници, теми за летни школи. Сите организации сметаат дека учеството на младите во одлучувањето на локално ниво е битно за заедницата.

40% од организациите имаат посебни активности за поттикнување на учеството на младите девојки во проектите главно преку обуки за женски лидери како и директно вклучување во самите проекти.

Сите организации соработуваат со ЕЛС, потенцирајќи дека само една од нив соработува со град Скопје а не општина Центар. Три од организациите спровеле проект во соработка со ЕЛС, а две од нив добиле финансиска поддршка од општината. Сите организации соработуваат со младински организации, додека 4 соработуваат со организации кои работат на родова еднаквост. 80% соработувале со АМС вклучувајќи разни активности при имплементација на проекти.

# ПРАКТИКИ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

## Локална Самоуправа

Формите за учество на младите во донесување на одлуки кои ги засегаат нив, а кои се користат во работата на Советите на општините најчесто се преку НВОи и студентски сојузи, одржување на јавни дебати, спроведување анкети и проекти што се од интерес на младите додека во Тетово „младите имаат свои претставници во Советот на општината, а политичките партии водат сметка за возрасната структура при предлог на листа за членови на совет“.

Мислењето на младите по однос на делокругот на работа најчесто се добива преку младите членови на Советот на општината, а исто така се користат и младинските организации и другите здружени форми на млади (средношколска унија, сојуз на студенти и политички подмладоци).

Утврдени процедури за вклучување на младите во донесување на одлуки кои ги засегаат нив постојат само при ЕЛС Охрид, додека ЕЛС Прилеп и Тетово немаат утврдени процедури. Сепак ЕЛС Прилеп и Охрид ги информираат младите за нивните можности за вклучување во одлучувачките процеси на повеќе начини додека ЕЛС Тетово не ги информира младите за своите можности

| | **ЕЛС Охрид** | **ЕЛС Прилеп** | **ЕЛС Тетово** |
|---|---|---|---|
| Како ги информирате младите за нивните можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво? | Преку електронските и печатени медиуми | Преку брошури и други печатени материјали; | |
| | | Преку едукативни работилници; | |
| | | Преку електронските и печатени медиуми | |
| | Преку локални весници/информатори | Преку локални весници/информатори; | |
| | | Преку директни контакти | |
| | | | Никако |

ЕЛС Охрид и Прилеп ги информираат младите луѓе за донесените одлуки преку печатени и електронски медиуми, додека ЕЛС Тетово смета дека „општината е транспарентна, постои сектор за информирање при ЕЛС која ги таргетира сите целни групи па и младите“. Според тоа во Прилеп и Охрид постои посебна служба за информирање на младите, а додека претставникот од Тетово одговорил дека не постојат – туку дека за сите е една иста служба.

ЕЛС Охрид и Тетово сметаат дека е потребен Младински Информативен Центар во нивната општина додека ЕЛС Прилеп смета дека нема потреба за таков центар.

## Совет на општина

Во работата на Општинскиот Совет во Охрид и Прилеп младите се вклучуваат во процесите на донесување на одлуки, кога тоа е утврдено за потребно, додека во претставникот од Тетово изјави дека вклучувањето во Тетово се врши индиректно - одлуките се носат партиски.
Според Советот на општина Охрид младите се вклучуваат во донесувањето на одлуки преку формата јавни трибини додека претставниците од Прилеп и Тетово не го одговориле ова прашање.

Мислењата на младите по однос на прашања од надлежност на Советот се добиваат најчесто преку младите членови на Општинскиот Совет а исто така се користат и младинските организации, здружените форми на млади и спроведување на анкети. Интересно е да се каже дека ниеден Совет на општина нема утврдени процедури за вклучување на младите во донесување на одлуки на локално ниво.

Младите се информираат за своите можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво преку сите можни форми на пренесување на информација (Преку брошури и други печатени материјали; Преку електронските и печатени медиуми; Преку локални весници/информатори; Преку директни контакти) а додека според испитаникот од Тетово младите се информираат на друг начин потенцирајќи дека седниците на Советот се отворени за сите. Во сите градови заедничко е што информирањето на младите за донесените одлуки се врши преку службен гласник, интернет страна на ЕЛС, медиуми и преку непосредно информирање. Сепак, сите сметаат дека има потреба од воспоставување на Младински информативен Центар во своите општини.

## Невладини организации

### Охрид

80% од организациите ги поттикнуваат младите луѓе за нивно вклучување во секојдневниот живот преку младински програми, едукации, обуки, организирање на конкурси за ликовни и литературни творби, пишување на мотивациони писма, кампови, дружења, додека една организација немаше одговор на ова прашање.

Само една организација не добива мислење од младите по однос на прашања од кои се во својот делокруг на работа, додека другите организации добиваат мислења на различни начини.

| | НВО 1 | НВО 2 | НВО 3 | НВО 4 | НВО 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| На кој начин го добивате мислењето на младите по однос на прашања од кои се во вашиот делокруг на работа? | Преку анкети; | | Преку анкети; | Преку анкети; | |
| | Преку здружени форми на млади (средношколска унија, сојуз на студенти и политички подмладоци); | | | | |
| | | На друг начин | На друг начин | | |
| | | | | | Никако |

Според претходната табела може да се забележи дека мислењето се прибира генерално преку анкети, информации преку здружените форми на млади или на друг начин.

Во однос на информирањето на младите за нивните можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво, организациите ги информираат младите на повеќе начини:

| | НВО 1 | НВО 2 | НВО 3 | НВО 4 | НВО 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Како ги информирате младите за нивните можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво? | Преку брошури и други печатени материјали; | Преку брошури и други печатени материјали; | | Преку брошури и други печатени материјали; | |
| | Преку едукативни работилници; | | | | |
| | Преку електронските и печатени медиуми | Преку електронските и печатени медиуми | | | |
| | | | Преку директни контакти | Преку директни контакти | |
| | | | | | Никако |

Според табелата најчест начин на информирање е преку брошури и други печатени материјали кој го користат 60% од организациите, електронските и печатени медиуми кои ги користат 40% од организациите и директните контакти кои исто така ги користат 40%, додека едукативни работилници користи само една организација. Само една

организација никако не ги информира младите за нивните можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки.
60 % од организациите ги информираат младите луѓе за донесените одлуки преку информативни состаноци, преку едукативни работилници и мас медиуми. Исто така организациите ги информираат младите и по електронски пат.
Сите организации наведоа дека не знаат дали и како општината ги информира младите луѓе за донесените одлуки кои ги засегаат нив, па според тоа, 80% од организациите изјавија дека е потребен Младински Информативен Центар, додека само една организација не знае дали е тоа потребно во Охрид.

## Прилеп

Организациите  ги поттикнуваат младите за нивно вклучување во секојдневниот живот преку различни активности: курсеви за компјутери, учење јазици (англиски, ромски); вклучување на работилници, истражувања и посета на семинари; Преку активности кои ја вклучуваат популаризацијата на културата и уметноста.

| | **НВО 1** | **НВО 2** | **НВО 3** | **НВО 4** | **НВО 5** |
|---|---|---|---|---|---|
| На кој начин го добивате мислењето на младите по однос на прашања од кои се во вашиот делокруг на работа | Преку анкети | | Преку анкети; | Преку анкети; | Преку анкети; |
| | | | Преку консултација со (други) младинските организации | Преку консултација со (други) младинските организации | Преку консултација со (други) младинските организации; |
| | | На друг начин | | | На друг начин |
| | | | | | |

Најголемиот дел од организациите мислењето од младите го добиваат преку анкети како и преку консултација со младинските организации. 80% од организациите ги информираат младите за нивните можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки додека само една организација не ги информира младите.

| | **НВО 1** | **НВО 2** | **НВО 3** | **НВО 4** | **НВО 5** |
|---|---|---|---|---|---|
| Како ги информирате младите за нивните можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво? | Преку брошури и други печатени материјали; | | Преку брошури и други печатени материјали; | Преку брошури и други печатени материјали; | |
| | | Преку едукативни работилници; | Преку едукативни работилници; | Преку едукативни работилници; | |
| | Преку електронските и печатени медиуми | | | | |
| | | | Преку директни контакти | Преку директни контакти | |
| | | | | | Никако |

За донесените одлуки организациите ги информираат младите на различни начини: Преку одржување на состаноци, преку огласни табли, организациски извештаи, веб страна, блогови и Facebook групи.
Само две организации сметаат дека општината ги информира младите луѓе за донесените одлуки, за прашањата кои ги засегаат нив па според тоа сите сметаат дека треба да се отвори Младински Информативен Центар во општината.

## Тетово

Организациите ги поттикнуваат младите за нивно вклучување преку различни активности: обуки преку кои младите ќе се стекнат со знаења и вештини кои ќе можат да ги применат во секојдневниот живот; проекти, едукативни работилници, неформално образование; летни кампови, спортски настани. Две организации преку анкета го добиваат мислењето на младите по однос на прашања кои се во делокругот на работа, една од нив вклучува и здружени форми на млади, а останатите ги консултираат на друг начин.
Во однос на информирањето на младите за можностите за вклучување во одлучувачките процеси може да се каже најмногу ги информираат преку директни контакти и на други начини.

| | **НВО 1** | **НВО 2** | **НВО 3** | **НВО 4** | **НВО 5** | **НВО 6** | **НВО 7** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Како ги информирате младите за нивните можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво? | | | | | | | Преку брошури и други печатени материјали |
| | | Преку едукативни работилници; | Преку едукативни работилници; | | Преку едукативни работилници; | | Преку едукативни работилници; |
| | | Преку електронските и печатени медиуми | | | Преку електронските и печатени медиуми | | Преку електронските и печатени медиуми |
| | Преку директни контакти | Преку директни контакти | Преку директни контакти | Преку директни контакти | Преку директни контакти | Преку директни контакти | Преку директни контакти |
| | | На друг начин | На друг начин | На друг начин | На друг начин | На друг начин | На друг начин |
| | | | | | | | |

Во однос на информирањето на младите за донесените одлуки во организацијата испитаниците одговорија дека ги информираат младите преку состаноци, директни средби, медиуми и на други начини.

Сите организации одговорија дека не знаат дали ЕЛС ги информира младите за донесените одлуки во однос на прашањата кои ги засегаат нив. Само четири од организациите се изјаснија дека е потребен Младински Информативен Центар преку кој би се информирале младите како специфична група во општината.

## Скопје

Сите организации ги поттикнуваат младите за нивно вклучување во секојдневниот живот преку Пеер едукација, проекти во областа на јавно здравје и превенција, работилници, студентски иницијативи и проекти, летни школи, неформално образование, а некои од нив и преку доделување на мали грантови за акции од локално значење.

Мислењето на младите по однос на прашања од делокругот на работа главно се бара и се добива преку анкети, консултација со младински организации, здружени форми на млади и на други начини.

| | **НВО 1** | **НВО 2** | **НВО 3** | **НВО 4** | **НВО 5** |
|---|---|---|---|---|---|
| На кој начин го добивате мислењето на младите по однос на прашања од кои се во вашиот делокруг на работа | Преку анкети | | Преку анкети; | | Преку анкети; |
| | Преку консултација со (други) младински организации | Преку консултација со (други) младински организации | Преку консултација со (други) младински организации | | |
| | | преку здружени форми на млади (средношколска унија, сојуз на студенти и политички подмладоци) | преку здружени форми на млади (средношколска унија, сојуз на студенти и политички подмладоци) | | |
| | На друг начин | На друг начин | На друг начин | На друг начин | |
| | | | | | |

80% од мапираните организации ги информираат младите за нивните можности за вклучување во одлучувачките процеси на повеќе начини додека само една организација никако не ги информира младите за тие можности.

| | НВО 1 | НВО 2 | НВО 3 | НВО 4 | НВО 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Како ги информирате младите за нивните можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво? | Преку брошури и други печатени материјали; | Преку брошури и други печатени материјали; | Преку брошури и други печатени материјали; | Преку брошури и други печатени материјали; | |
| | Преку едукативни работилници; | Преку едукативни работилници; | Преку едукативни работилници; | | |
| | Преку електронските и печатени медиуми | | Преку електронските и печатени медиуми | | |
| | Преку локални весници/информатори; | | Преку локални весници/информатори; | | |
| | Преку директни контакти | Преку директни контакти | Преку директни контакти | Преку директни контакти | |
| | | | | | Никако |

За донесените одлуки организациите ги информираат младите преку печатени материјали и електронски и печатени медиуми, преку извештаи, веб страни, facebook групи, состаноци, и други интернет алатки.

Во однос на информирањето на младите луѓе за прашања кои ги засегаат од страна на ЕЛС, 2 организации одговорија дека знаат како ЕЛС ги информира младите (едната се однесува на град Скопје а не општина Центар) а другите се изјаснија дека не знаат како општината ги информира младите. Сепак, сите организации сметаат дека во општината треба да се отвори Младински Информативен Центар.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### *Заклучоци - Локална Самоуправа*

- Според моменталната ситуација во Локалните Самоуправи во градовите Прилеп, Охрид и Тетово може да се каже дека не се упатува посебно внимание на родовата еднаквост во администрацијата на Локална Самоуправа
- Утврден е многу мал процент на млади луѓе на возраст до 30 години во состав на целокупниот број на вработени освен во Тетово каде бројот на млади луѓе е на задоволително ниво, со поголема застапеност на младите жени
- Нема ниту еден млад човек на раководна позиција на сектор/одделение во сите единици на ЕЛС
- Постојат иницијативи за родова еднаквост во состав на ЕЛС кои според испитаниците генерално се спроведуваат од млади луѓе. Во состав на овие иницијативи се споменува Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, која функционира во Советот на општината
- Во општините каде е спроведено истражувањето не постојат јасни и конкретни планови за подобрување на родовата еднаквост во ЕЛС
- Во работата и функционирањето на ЕЛС не постојат структурирани форми на учество на млади. Младите се вклучуваат според потреба преку невладини организации
- Младите не се консултираат соодветно на потребите на заедницата, а во Тетово воопшто не се консултираат во донесување на одредена одлука
- Сите ЕЛС сметаат дека учеството на младите е битно за заедницата
- Младите девојки се вклучуваат во проектите и активностите на ЕЛС а во Тетово се поддржуваат активностите и иницијативите кои ги спроведуваат невладините организации
- Сите мапирани ЕЛС имаат предвидено средства за здруженија на граѓани меѓутоа само во Охрид и Тетово се одвојуваат посебни средства за младинските организации
- Локалните Самоуправи соработуваат со локалните младински организации, а со Агенцијата за млади и спорт соработуваат воглавно на полето спорт.
- Мислењето на младите генерално се добива од млади членови на Совет на општина
- Не постојат утврдени процедури за вклучување на младите во донесување на одлуки освен во ЕЛС Охрид каде постои и Соработник за Младински Прашања
- За донесените одлуки ЕЛС ги информира младите преку електронски и печатени медиуми и преку директни контакти
- ЕЛС од Охрид и Тетово смета дека е потребен Младински Информативен Центар во општината додека ЕЛС Прилеп смета дека нема потреба

## *Препораки – Локална Самоуправа*

- Во рамките на локалните самоуправи неопходно е да се утврдат процедури и правила со кои ќе се регулираат сите прашања кои се однесуваат на еднаквата родова застапеност почнувајќи од критериумите за вработување до родова еднаквост во извршувањето на раководни функции

- Потребно е да се зголеми улогата и инцијативата на Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените во рамките на локалната самоуправа со цел интегрално да се пристапи кон решавање на прашањата поврзани со родова еднаквост

- Локалните самоуправи треба да утврдат форми преку кои ќе го добиваат мислењето на младите, како и структури преку кои ќе ги вклучуваат младите луѓе во донесувањето на одлуки а се со цел тоа да се прави на организиран и систематски начин. Општинско тело или сектор за работа со млади може да биде едно од решенијата со кои ќе се регулира проблематиката на вклученоста на младите луѓе

- Воспоставување на Младински информативни центри кои ќе се занимаваат исклучиво со прашања и теми кои ги засегаат младите е потреба која ја нагласиле и локалните самоуправи и советите на општините и невладините организации

## *Заклучоци - Совет на Општина*

- Родовата еднаквост не е соодветно застапена во составите на Советите на општините во испитаните градови
- Процентот на млади луѓе во Советот на Општината е прилично висок во Тетово додека во Прилеп и Охрид е недоволен
- Во состав на Советот на општината утврдено е постоење на млади Советници/ претседатели на Комисии
- Формирани се Комисии за еднакви можности помеѓу жените и мажите во сите Општински Совети каде процентуално преовладуваат жените
- Во Охрид и Прилеп во составот на Комисиите за еднакви можности помеѓу жените и мажите има мал број на млади советници
- Комисија за млади не е формирана во нити еден Совет
- Не постојат конкретни иницијативи за родова еднаквост или не биле наведени конкретни иницијативи во одговорите
- Не постојат структурирани форми за учество на младите во состав на Советот на општината
- Советите на општините ги земаат во предвид специфичните потреби на младите жени и мажи при креирањето на буџетот
- Постои соработка со локални младински организации и организациите кои работат на родови прашања
- ЕЛС соодветно не ги вклучуваат младите во процесите на донесување одлуки
- Не постојат утврдени процедури за вклучување на младите во донесување на одлуки на локално ниво
- Советите на општините сметаат дека има потреба од младински информативен центар

## *Препораки – Совет на Општина*

- Барањето на листите за советници да има најмалку 30% жени очигледно не се рефлектира во бројот на избраните советници. Потребно е да се направат измени во Изборниот законик со цел да се дефинира распоредот на жените во самите листи, со што би се придонело кон родова еднаквост во составот на избраните Совети

- Потребно е да се подигне свеста на политичките партии во своите листи да вклучуваат и млади кои ќе ги застапуваат интересите и барањата на младите луѓе како популација. Како алтернативно решение може да се искористи практиката со % застапеност на жените утврдено со Изборниот законик

- Советите на општините да формираат посебна Комисија за млади

- Да се формираат структури при Советот на општините кои ќе обезбедат вклучување на младите во процесите на одлучување, добивање на нивно мислење при креирањето на локалните политики

- Потребна е едукација на членовите на советите за родово буџетирање и интегрирање на родовата перспектива при креирањето на политиките, како и обезбедување на поддршка за младински програми, во рамките на општината или преку невладините организации

## *Заклучоци - Невладини организации*

- Помалку или повеќе постои еднаква родова застапеност во испитаните младински невладини организации, додека кај организациите кои работат на родови прашања процентуално преовладуваат жените. Ова истражување не ја анализираше родовата еднаквост од квалитативен аспект
- Постои висок процент на млади луѓе - членови во организациите, но исто така и во управните структури
- Организациите генерално се запознаени со документите кои го уредуваат статусот на младите во Република Македонија како и со Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите
- Организациите спроведуваат активности кои ја поттикнуваат родовата еднаквост но немаат конкретна визија за подобрување на родовиот аспект во својата работа
- Постојат недоволно конкретни активности за младите луѓе во иницијативите и активностите кои се спроведуваат за промовирање на родовата перспектива
- Организациите секогаш обрнуваат внимание на родовиот баланс во функционирањето на својата организација
- Невладините организации ги вклучуваат младите луѓе во спроведувањето на своите проекти
- Речиси сите НВОи сметаат дека учеството на младите е важно за заедницата
- Најголем дел од невладините организации ги консултираат младите во донесувањето на одлуки
- Поголемиот дел од организациите имаат посебни активности за поттикнување на учеството на младите девојки, или ги вклучуваат активно во своите активности
- Организациите соработуваат со други младински или организации кои работат на родови теми
- Соработка со Локалната Самоуправа е на завидно ниво во сите градови меѓутоа многу малку од организациите добиле финансиска поддршка од ЕЛС
- Соработката на организациите со АМС не е на задоволително ниво, освен во градот Скопје каде се забележува висока соработка со АМС
- Организациите спроведуваат активности со кои ги поттикнуваат младите за нивно вклучување во секојдневниот живот
- Организациите генерално се активни во прибирањето на мислења на младите за прашања кои ги засегаат (најчеста алатка на прибирање на мислењата претставуваат анкетите)
- Најголемиот дел од организациите ги информираат младите за нивните можности за вклучување во процесите на донесување на одлуки како и за донесените одлуки преку печатени и електронски материјали како и преку непосредни контакти
- Најголемиот дел од организациите не знаат или сметаат дека Локалната Самоуправа не ги информира младите за донесените одлуки кои ги засегаат нив
- Речиси сите невладини организации сметаат дека е потребен Младински Информативен Центар во својата општина

## *Препораки – Невладини организации*

- Невладините организации треба да развијат стратегии за подобрување на соработката со локалните самоуправи и нејзина трансформација од декларативен поддржувач на активностите на организациите во конкретна финансиска поддршка па дури и заедничка имплементација на одредени активности

- Потребно е зајакнување на свеста кај невладините организации за еднаква родова застапеност особено во управувачките функции на организациите како и при спроведувањето на програмите на организациите

- Потребно е зголемување на бројот на млади кои учествуваат во активности кои поттикнуваат и промовираат еднакви родови можности

- Невладините организации треба систематски да ги користат добиените мислења од младите по прашања кои ги засегаат нив и врз основа на тоа да предлагаат и преземаат активности за зголемување на нивното учество и во донесувањео на одлуки на локално ниво